# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Државниот завод за ревизија е врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија која има за цел навремено и објективно да го информира Собранието на РСМ, Владата на РСМ, другите носители на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии.

Државниот завод за ревизија обезбедува поддршка на Собранието на РСМ во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификација и презентација на неправилностите, случаите на противзаконско работење и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата.

Преку јасните и ефективни препораки ДЗР обезбедува поддршка на државните институции и корисници на јавните средства за унапредување во управувањето на истите. На тој начин ДЗР придонесува за подобрување на животот на граѓаните на Република Северна Македонија.

Со цел водење грижа за јавните средства и придонес за унапредување на управувањето со истите, континуирано се обезбедува квалитет во работењето на ниво на независна и професионална Врховна ревизорска институција со висок интегритет која е истовремено носител на напредокот во управувањето со јавните средства, отчетноста и транспарентноста во користењето на истите.

Од визијата на раководството произлезе обврската со постојано унапредување на Системот за управување со квалитет, воспоставен според барањата на стандардот **ISO 9001:2015** да развиваме институција способна за извршување на ревизиите, кои ги задоволуваат очекувањата на субјектите и ги исполнува применливите законски и други барања.

Вработените во Државниот завод за ревизија работат на остварување на следните цели:

- Зголемување на транспарентноста во користењето на јавните средства;
- Подобрување на работењето на корисниците на јавните средства;
- Подобрување на квалитетот на работењето на ДЗР преку континуирана професионална обука на државните ревизори;
- Подобрување на резултатите во работењето преку зајакнување на комуникацијата и соработката помеѓу ревизорите и институциите од јавниот сектор и јавноста;
- Зголемување на задоволството на субјектите со нашиот квалитет, непристрасност, добра професионална пракса, ефикасност и етика.
- Соработка со надлежните органи која се темели на партнерство, взаемна доверба и сродни принципи во работењето,
- Спроведување на политика на нула толеранција за мито и корупција.

Скопје, 26.05.2021

**Главен државен ревизор**

**М-р Максим Ацевски**